Дневни билтени

2015
Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември
2016
2017
2018
2019
2020
2021
2022
2023
2024

Извадок на ден од дневните настани 28.05.2024

Денеска (28.05.2024) во 00.10 часот на влез/излез на Бит Пазар, полициски службенци од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода И.О.(22) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

Денеска (28.05.2024) во 00.15 часот на подрачјето на бит Пазар, полициски службенци од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Г.К.(25) од с.Идризово, скопско, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 27.05.2024 во 16.00 часот на кеј на река Вардар, полициски службенци од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода А.А.А.(26) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 27.05.2024 во 16.25 часот на подрачјето на Карпош, полициски службенци од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје ја лишиле од слобода М.С.(19) од Скопје, затоа што кај нея била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 27.05.2024 во 22.30 часот во Струмица, полициски службенци од СВР Струмица ги лишиле од слобода И.М.(19) и И.Ј.(26), двајцата од Струмица, затоа што кај нив била пронајдена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 27.05.2024 во СВР Битола било пријавено дека во 14.30 часот во објект на Противпожарната единица, лоциран во Старата касарна, биле пронајдени 1.408 пушки со потекло од Балканските војни. Пиротехничар од Дирекцијата за заштита и спасување Битола безбедно ги подигнал пушките за понатамошна постапка.

На 27.05.2024 во 16.10 часот во ОВР Струга е пријавено дека во нива во атар на струшкото село Калишта била пронајдена граната од Првата светска војна со калибар од 95 милиметри. Граната била безбедно подигната од стручно лице од Дирекцијата за заштита и спасување Битола за понатамошна постапка.

Секторот за внатрешни работи Скопје во текот на вчерашниот ден (27.05.2024) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територијата на Скопје, кај кои е изречени се вкупно 135 мерки, меѓу кои за возење без возачка дозвола шест санкции, шест санкции за користење мобилен телефон при возење, пет санкции за некористење на сигурносен појас, 34 мерки за прекршоци кои се чинат пешаците...

На 27.05.2024 во 12.15 часот во Полициската станица Делчево било пријавено дека во атар на „Драмче, делчевско, се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „фиат пунто" со штипски регистарски ознаки, управувано од Ф.Л.(76) од с.Град, делчевско и патничко возило „шкода" со делчевски регистарски ознаки, управувано од Н.Д.(33) од Делчево. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобија возачот на „фиат", кој со здобиените повреди починал на пат кон болница. Лекар од Итна медицинска помош констатирал смрт, а по наредба на јавен обвинител телото на починатиот било предадено на обдукција. Возачот Н.Д. се здобил со телесни повреди, а увид на местото извршила увидна екипа од СВР Делчево.

На 27.05.2024 во 07.20 часот во СВР Штип било пријавено дека на експресниот пат Кочани-Штип, во близина на клучка „Три чешми", патничко возило „сеат леон" со пробиштипски регистарски ознаки, управувано од С.М.(43) од Пробиштип, удрило во И.К.(41) од Штип, кој извршувал работни задачи на патот, а потоа излетало од коловозот. Во несреќата, И.К. се здобил со тешки телесни повреди, додека возачот се здобил со телесни повреди, констатирани во Клиничка болница Штип. Извршен бил увид од јавен обвинител и увидна екипа од СВР Штип.

На 27.05.2024 во 11.00 часот во СВР Штип било пријавено дека на регионалниот пат Кадрифаково - Штип, во близина на клучка „Три чешми", патничко возило „фолксваген голф" со штипски регистарски ознаки, управувано од 50-годишната К.М.Л. од с.Всаково, штипско, излетало од коловозот. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобила нејзината сопатничка Ж.М.(53) од истото село, додека К.М.Л. се здобила со телесни повреди, констатирани во Клиничка болница Штип. По овластување на јавен обвинител, извршен бил увид од увидна екипа од СВР Штип.

На 27.05.2024 во 15.00 часот Полициската станица Дојранско, В.Н.(25) од Скопје пријавил дека на ул.„Антон Димитров" во Скопје бил каснат од куче скитник.

На 27.05.2024 во 15.30 часот во СВР Скопје било пријавено дека на крстосница на ул. „Загребска" со ул.„Питу Гули" во Скопје, патничко возило удрило во велосипед управуван од Т.П.(55) од Скопје и го напуштило местото. Во несреќата велосипедистот се здобил со тешки телесни повреди, констатирани во Комплексот клиники „Мајка Тереза" Скопје. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје и се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 27.05.2024 во 09.35 часот во Полициската станица Центар, С.Г.(72) од Скопје пријавила дека на мостот „Беласица" била каснута од куче скитник.

На 27.05.2024 во 10.50 часот во ОВР Гостивар било пријавено дека на регионален пат Маврово-Дебар, во близина на Сенечки ливади, патничко возило „фолксваген голф" со гостиварски регистарски ознаки, управувано од Т.М.(76) од Гостивар, излетало од пат. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобила сопатничката Л.М.(49) од Гостивар, констатирани во Ургентен центар во Гостивар. Увид на местото извршила екипа од ОВР Гостивар.

На 27.05.2024 во 10.50 часот во Полициската станица Центар, А.В.(38) од Скопје пријавил дека во Градски парк - Скопје бил каснат од куче скитник.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против М.Ј.(30) од Кавадарци, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „затајување". На 04.03.2024 пријавениот, како поштенски работник – разнесувач е пратки во правно лице со претставништво во Охрид, паричните средства од дневниот промет неовластено ги присвоил, наместо да ги предаде во тековниот ден на овластено лице за прием на промет. Со тоа, пријавениот се стекнал со противправна имотна корист од 92.000 денари.

Во рамките на континуираните активности што ги презема СВР Тетово за поголем ред и безбедност на сообраќајот, вчера (28.05.2024) во периодот од 07.00 до 15.00 часот спроведена е акциска контрола на пешаците и нивното однесување во сообраќајот. При контролата биле санкционирани 22 пешаци (ТЕ-19 и ГВ-3). Најголемиот број од пешаците 18 (ТЕ-15 и ГВ-3) ги преминувале улиците надвор од обележани премини, а 4 (ТЕ) не ја почитувале светлосната сообраќајна сигнализација. На сите прекршители изготовени им се поднесени по еден платежен налог од 40 и 50 евра, како и покани за присуство на такканречени сообраќајни поуки. Во акцијата, што така, санкционирани се и 5 (ТЕ) други видови на сообраќајни прекршоци.

На 27.05.2024 во периодот од 07.00 до 15.00 часот, при извршени сообраќајни контроли, полициските службеници затекнале и санкционирале 17 пешаци кои надвор од обележан пешачки премин или минувалиште, небезбедно преминувале коловоз (Охрид-04, Струга-10, Кичево-03).

На 27.05.2024 во 20.50 часот во трговски центар на подрачјето на Карпош, полициски службеници од СВР Скопје привеле малолетник од с.Сарај, скопско, затоа што кај него бил пронајден и одземен сетар предмет. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок по член 80 од Законот за оружје.

ОВР Струга поднесе кривична пријава против Б.Ѓ.(59) од Струга, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „злоупотреба на недвижности". Тој, самоволно изурпирал катастарска парцела во државна собственост во Струга, каде според урбанистичкиот план била планирана изградба на улица и без соодветно одобрение од надлежен орган започнал со изградба на објект за домување.

На 27.05.2024 во 14.00 часот во СВР Скопје, од Градската општа болница „Св.Наум Охридски" Скопје било пријавено дека кај нив се повреди бил донесен А.Р.. Според пријавеното, тој се здобил со повредите при извршување работни задачи за приватна фирма од Скопје. Увид бил извршен.

СВР Скопје поднесе кривична пријава против Е.Б.(29) од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори". На 22.09.2023, при извршен преглед над пријавениот, била пронајдена и одземена марихуана.

На 27.05.2024 во 11.05 часот во СВР Скопје било пријавено дека, при извршување работни задачи за приватна фирма во трафостаница на подрачје на Гази Баба, С.М.(56) од Скопје се здобил со струен удар и бил пренесен во Градската општа болница „Св.Наум Охридски", каде му биле констатирани тешки телесни повреди. За настанот бил известен трудов инспектор, а увид на местото извршила екипа на СВР Скопје.

СВР Велес поднесе кривична пријава против М.К.(43) од Кавадарци, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „овозможување употреба на наркотични дроги". На 05.05.2023 полициски службеници извршиле претрес во домот на пријавениот, при што ги затекнале А.И. и И.М., двајцата од Кавадарци, кои заедно со пријавениот користеле хероин.

На 27.05.2024 во 16.00 часот во СВР Скопје, В.П.(38) од с.Рашче, скопско, пријавил дека во 14.30 часот пред угостителски објект на подрачјето на Карпош бил физички нападнат од „Д" и И.Н. од с.Кршопек, скопско и „Н" од с.Визбегово, скопско, при што „Д" употребил от нарада. Тој се преземаат мерки за расчистување на случајот.

ОВР Гевгелија поднесе кривична пријава против Д.М.(32) од Валандово, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено изработување, држење, посредување и тргување со оружје и експлозивни материи". На 21.07.2023, полициски службеници извршиле претрес во домот на пријавениот, при што пронашле и одзеле пиротехнички средства.

На 27.05.2024 во 20.45 часот во СВР Скопје, Р.А.(42) од Скопје пријавил дека на 26.05.2024 околу 18.00 часот на подрачјето на Чаир, поради нерасчистени должнички – доверителски односи, бил физички нападнат од Х.М., МН. од Република Турција и Т.Н.. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Штип поднесе кривична пријава против З.Ш.(33) од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „загрозување на сигурноста". На 23.04.2024, пријавениот кој е осуденик во Казнено - поправната установа Штип, упатувал закани на М.С. од Штип, вработен во установата.

На 27.05.2024 во 21.45 часот во СВР Скопје, 45-годишна жена од Скопје пријавила дека околу 19.10 часот на работното место во адвокатска канцеларија на подрачјето на Центар била физички нападната од нејзиниот партнер И.К.(45) од Скопје. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 27.05.2024 во 12.30 часот во Полициската станица Велес, Б.К.(68) од Велес пријавил дека на улица „Благој Ѓорев" во Велес бил каснат од куче скитник.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Пробиштип поднесе кривична пријава против М.А.(32) од Злетово, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „загрозување на сигурноста". На 20.04.2024 во семејниот дом во пробиштипско село, по претходна расправија, пријавениот физички го нападнал и упатил закани на неговиот татко.

На 27.05.2024 во 17.40 часот во СВР Скопје, Н.Т.(26) од Скопје пријавил дека околу 12.45 часот на паркинг простор на подрачјето на општина Аеродром, додека извршувал работни задачи – доставувал за приватна фирма, две лица физички го нападнале и со закана со остар предмет му одзеле чанта со службени и негови лични пари. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 27.05.2024 во 17.20 во Полициската станица Центар, Е.Д.(27) од Скопје пријавила дека на ул.„Васил Ѓоргов" во Скопје била каснат од куче скитник.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Струга поднесе кривична пријава против З.Р.(45) од Струга, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „фалсификување исправа". На 01.02.2024 на автопатот Тетово- Велес, полициски службеници го запреле пријавениот, при што тој на увид приложил фалсификувана возачка дозвола.

На 27.05.2024, полициски службеници од Полициското одделение Шуто Оризари извршиле службен разговор со З.И.(47) од Скопје, постапувајќи по претходна пријава дека околу 15.30 часот во просторите на општина Шуто Оризари агресивно се однесувал и го нападнал К.Д.(49) од Скопје, градоначалник на општината. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

СВР Скопје поднесе кривична пријава против С.А.(18) од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори". На 11.12.2023, при пречек над пријавениот била пронајдена и одземена марихуана.

На 27.05.2024 во 22.30 часот во Полициската станица Ѓорче Петров, А.Д.(39) од Скопје пријавил дека на игралиште во нас.Даме Груев, неговиот малолетен син бил каснат од куче скитник.

На 27.05.2024 во 14.40 часот во СВР Скопје, Т.М.М.(54) од Скопје пријавила дека од населба Ѓорче Петров се одделеврл С.Р.(13) од Скопје, на кој таа му е законски старател. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против Љ.Ѓ.(73) од Дебрца, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „бесправно градење". На имот во населба Рача, спротиво на Законот за градење, односно без да поседуваат правосилно Одобрение за градење издадено од надлежен орган, пријавениот изградил станбен објект.

На 27.05.2024 во 20.00 часот во СВР Скопје, Д.К.(20) од Скопје пријавила дека на 25.05.2024 околу 23.15 часот на подрачјето на Ѓорче Петров, таа и нејзиното куче биле нападнати и каснати од куче сопственост на нејзиниот сосед А.М.Л..

СВР Штип поднесе кривична пријава против М.О.(18) од Штип, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори". На 13.03.2024, при извршен преглед кај пријавената, била пронајдена и одземена марихуана.

На 27.05.2024 во 11.15 часот во СВР Скопје, Б.Р.(76) од Скопје пријавил дека на шидовите од неговата автолакерска работилница и неговата куќа забележал оштетувања од проектили од огнено оружје. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје и се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Скопје поднесе кривична пријава против З.К.(39) од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „напад врз службено лице при вршење работи на безбедноста". На 03.11.2023 во Скопје, пријавениот физички нападнал полициски службеник кој извршувал службени дејствија.

На 27.05.2024 во 14.30 часот во ОВР Кичево, Ц.П.(59) од кичевското село Туин пријавил дека на улицата „Белградска" во Кичево бил каснат од куче скитник. Истиот ден, Ф.Ц. (41) од Кичево пријавила дека на улицата „Прилепска" во Кичево била каснат од куче скитник.